**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403- 23/3**

**Скопје, 06.02.2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Кисела Вода за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Кисела Вода за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Ѓорѓе Арсов, Градоначалник на општина Кисела Вода во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 16.07.2007 до 03.08.2007 и од 03.09 до 07.09.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на буџетирање**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените контроли гарантираат дека буџетот ќе се изготви и донесе во законски утврдениот рок. Имено постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање. Советот на општината нема донесено буџетски календар пред донесување на буџетот за 2006 година. Во 2007 година е донесен буџетски календар со кој се утврдени роковите во кои:

- градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови;
- општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот, и
- градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до Советот на општината.

**10.2. Неправилна примена на актите**

10.2.1. Советот на општина Кисела Вода нема донесено и тоа:

- Одлука за издавање на општинскиот весник, и
- Ценовник за отстапување рекламен простор во општинскиот весник.

Ваквото постапување е спротивно на одредбите од член 62 од Законот за локална самоуправа, ја намалува транспарентноста и доведува до примена на ценовник кој не е усвоен од Советот.

**Препорака:**

Во вршење на работите од својата надлежност по иницијатива на градоначалникот и стручните служби на општината Советот да донесе одлука за издавање на општинскиот весник и ценовник за отстапување на рекламен простор.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. На позицијата природни богатства и други капитални вложувања и на позицијата Извори на капитални средства во Билансот на состојба за 2006 година е

искажан износ од 2.988.038 илјади денари како состојба на земјиште во износ од 2.390.812 илјади денари и шуми во износ од 597.226 илјади денари. За овие состојби за кои и со ревизијата од 2004 година е дадена препорака за расчистување на истите, од страна на надлежните во општината се превземени мерки за утврдување на реалноста на истите, при што е утврдено дека во периодот на формирање на општината, во 1977 година, државата ги пренела во владение на општината, земјиштето, шумите и општествени станови кои биле евидентирани во сметководството на Буџетот. Во 2001 година со одлука на Владата на Република Македонија становите се пренесени во државна сопственост и со нив стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор. Што се однесува за земјиштето и шумите надлежните немаат можност да обезбедат имотни листи од причина што согласно позитивната законска регулатива овие природни богатства се сопственост на државата а сеуште се евидентирани во билансните позиции на општината. Поради тоа, искажаната состојба на овие позиции не е веродостојна, а финансиските извештаи нереално ја прикажуваат состојбата на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2006 година за износ од 2.988.038 илјади денари.

**Препорака:**

На основа превземените мерки и утврдената состојба Советот на општината да донесе соодветна одлука со која ќе се изврши правилно евидентирање во сметководството и финансиските извештаи.

11. Според наше мислење, поради изнесеното во точката 10.2. и 10.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Кисела Вода на ден 31 Декември 2006 година, додека резултатот од финансиките активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Кисела Вода остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Буџетот на Општина Кисела Вода во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**13.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

13.1.1. Во текот на ревизијата е извршено зголемување на позицијата Побарувања и нејзината кореспондентна сметка Пасивни временски разграничувања, по основ на договор за здружување на средства за санација на локалниот пат Драчево – Китка во износ од 18.065 илјади денари ( вкупно 22.017 илјади денари од кои 3.952 илјади денари на општина Кисела Вода) од следните субјекти:

- Општина Студеничани 5.645 илјади денари;
- Општина Зелениково 565 илјади денари;
- Градот Скопје 4.516 илјади денари;
- ЈП Македонски шуми 4.516 илјади денари, и
- Фондот за магистарлни и регионални патишта износ од 2.823 илјади денари.

Според одредбите од договорот за здружување на средства поточно член 5 став 2 е договорено плаќањето на обврските што се предмет на договорот за санација на патот Драчево – Китка, договорените страни да го вршат во динамка што ќе се договори со изведувачот на работите во релативен, процентуален соодност што е утврден во членот 2 став 2 од договорот за здружување на средства (17,95 % Кисела Вода, 25,64% Студеничани, 2,57% Зелениково, 20,51% Градот Скопје, 20,51 % ЈП Македонски шуми и 12,82 Фондот за патишта). Бидејќи по времени ситуации и фактури

има обврска спрема изведувачот во износ од 22.017 илјади денари, за истиот износ се искажаа побарувања од здружувачите.
Извршеното зголемување на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата е инкорпорирано во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 6 од овој извештај.

14. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2004 година, од страна на надлежните од општина Кисела Вода, превземени се мерки и е постапено по препораките на ревизијата, освен по точката 10.4. која се однесува на состојбите на позицијата природни богатства каде состојбите не се расчистени целосно.

**Скопје 30.01.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 143,485 | 164,435 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 6,475 | 2,821 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 40,918 | 41,545 |
| **Вкупно приходи** | | **190,878** | **208,801** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.4. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 19,941 | 15,951 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2. | 472 | 953 |
| Стоки и услуги | 3.4.3. | 58,332 | 53,889 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 3,811 | 884 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **82,556** | **71,677** |
| Капитални расходи | 3.5. | 78,222 | 113,763 |
| **Вкупно расходи** | | **160,778** | **185,440** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **30,100** | **23,361** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 30,100 | 23,361 |
| Побарувања | 4.1.2. | 132,135 | 17,714 |
| **Вкупно тековни средства** | | **162,235** | **41,075** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Природни богатства | 4.2.1. | 2,988,038 | 2,988,038 |
| **Вкупно капитални средства** | | **2,988,038** | **2,988,038** |
| **Вкупна актива** | | **3,150,273** | **3,029,113** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 5.1.1. | 162,235 | 41,075 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **162,235** | **41,075** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 6.1.1. | 2,988,038 | 2,988,038 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **2,988,038** | **2,988,038** |
| **Вкупна пасива** | | **3,150,273** | **3,029,113** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **2,988,038** | **2,988,038** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** |
| **Намалување по основ на:** | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **2,988,038** | **2,988,038** |